АЕК
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

# З А П И С Н И К

од првиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Првиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата се одржа на 10.01.2018 година, со почеток во 11:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа

1. Гордана Клинчарова, претседател
2. Горан Велинов, член
3. Петар Есмеров, член
4. Славе Веловски, член
5. Дешира Имери, член,
6. Бојана Стефановска- Советник на Директорот за правни работи- во својство на записничар,

На состанокот се работеше по предложениот дневниот ред:

1. Усвојување на Записникот од петнаесетиот состанок на Комисијата одржан на 07.12.2017 и усвојување на предлог дневниот ред за првиот состанок за 2018 година на Комисијата на АЕК;

   Записникот од петнаесетиот состанок на Комисијата беше едногласно усвоен, како и дневниот ред.

2. Предлог правилник за изменување на правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за електронски комуникации;

   Имајќи во предвид дека станува збор за измена во смисла на исполнување на обврските од рамковниот договор се даде согласност за измена на Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за електронски комуникации.

3. Барање согласност за давање на трајно користење на движна ствар, патничко моторно возило, на Министерство за информатичко општество и администрација;

   Откако членовите на комисијата ги разгледаа документите доставени од стручните служби по однос на барањето за давање на трајно користење на движна ствар, патничко моторно возило, на Министерство за информатичко општество и администрација и како утврдија дека Владата има донесено Одлука со која се дава на трајно користење движната ствар, одлучија да дадат согласност за склучување на договор со Министерството за информатичко општество и

администрација, со напомена за во иднина најпрво да се бара согласност и мислење од Комисијата пред било какво постапување по ваков вид на барања од страна на други институции.

4. Предлог - Годишен план за јавни набавки на Агенцијата за електронски комуникации за 2018 година;

   Беше повикан раководителот на одделението за јавни набавки Весна Чкаловска која даде детално објаснување на планот по ставки од категоријата на стоки, услуги и работи.

5. Барање за користење на одмор од Директорот на Агенцијата;

   Беше дадена согласност за барањето за користење на денови од годишниот одмор на Директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

6. Разно.

   Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации донесе заклучок со кој се дава задолжение на службите да постапат согласно Правилникот за користење на службен мобилен телефон, односно да се доделат мобилни апарати на членовите на комисијата кои немаат добиено по новиот договор за мобилна телефонија, како и да се постапи по последната измена на Правилникот за користење на службен мобилен телефон број 1102-30/6 од 28.12.2016 година и по Одлуката за амортизациона стапка за користен век на мобилни телефонски апарати добиени со субвенција број 1102-30/7 од 28.12.2016 година.

   Состанокот заврши на 10.01.2018 во 12:40 часот.

Гордана Клинчарова, претседател____________________

Горан Велинов, член________________________________

Петар Есмеров, член________________________________

Славе Веловски, член_______________________________

Дешира Имери, член________________________________

Наш број _____________

Скопје _______________